## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 март 2000 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 13,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја отворам Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Благоја Ханџиски ме извести дека од оправдани причини, не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам, да притиснете едно до копчињата на Системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ве молам, вклучете го системот за гласање.

68 пратеници се присутни во салата.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се, претседателот на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

Владата на Република Македонија ги повлекува Предлогот за именување на заменици на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје и предлогот за именување заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства во Крива Паланка, Берово, Струмица, Штип и Ресен.

Владата на РМ согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот на закон за здравственото осигурување, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Очигледно е дека немаме доволно пратеници во салата.

Јас ги молам уште еднаш пратениците кои што се наоѓаат во Собранието, да влезат во салата и да можеме да работиме. Затоа што, навистина, од толку картици колку што се внесени, јас не знам каде се наоѓаат пратениците, ги внеле картиците, а картиците ги нема.

Дајте, г. пратеници, гледате дека се работи и сега влегувате сите.

Ќе ве молам, уште еднаш да го повториме гласањето за Предлогот на Владата на РМ, Законот за здравственото осигурување да го разгледаме во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам, што поитно заземете ги своите места и господа пратеници да гласаме.

Гласањето е вклучено и повелете да гласаме.

57 пратеници гласа "за", 16 пратеници се "воздржани", 2 пратеници се "против".

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Собранието да го разгледа по скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници се "за", 12 пратеници се "воздржани", 6 пратеници се "против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

56 пратеници гласаа "за", 2 пратеници се "воздржани", 18 пратеници се "против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

54 пратеници гласаа "за", 6 пратеници се "воздржани", 12 пратеници се "против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа по скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа "за", 3 пратеници се "воздржани", 3 пратеници се "против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ, согласно 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог  на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа "за", 4 пратеници се "воздржани", 6 пратеници се "против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Крајевски, предлага Дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на Одлука за огласување и именуваше заменик јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Ве молам, да гласаме по Предлогот на пратеникот Чедомир Краљевски.

62 пратеници гласаа "за", 7 пратеници се "воздржани", 3 пратеници се "против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Координаторите на Пратеничките групи на Собранието на РМ, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на Одлука за надоместок на трошоците за избор на претседател на Република Македонија, на организаторите на изборната кампања, кои истакнале кандидати за претседател на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен. Ве молам да гласаме.

74 пратеници гласаа "за", пратеник е "воздржан", пратеници се "против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Саво Климовски, Радомир Карангелески, Стојан Попов, Илија Пранговски, Никола Јованов, Томислав Петровски, Павле Тодоров, Трајко Гешовски, Ристо Спанаков, Чедо Петров, Љупчо Анушев, Алија Шахиќ и Амди Бајрам, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Предлогот на Одлуката ви е поделен. Ве молам да гласаме.

49 пратеници гласа "за", 8 пратеници се "воздржани", 21 пратеник се "против".

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците, Никола Поповски, Тито Петковски, Кирил Настески, Димитар Бузлевски, Мирко Иванов, Ристо Тодоров, Лазар Китановски, Илија Илоски, Нано Ружин, Љубомир Поповски, Радмила Шеќеринска, Илинка Митрева, Благој Стојковски, Илија Филиповски, Борислав Трповски, Стојан Ковачевски, Танас Трајковски и Петар Гошев, предлагаат дневниот ред да се дополни со Предлог Декларација за заштита на правата на членовите на "0М0 Илинден – Пирин".

Предлогот на Декларацијата ви е поделен.

Предлогот на пратениците го ставам на гласање.

Процедурално има збор, г-динот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Сакам да се обратам до јавноста во името на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека, ние ќе ја поддржиме Предлог декларацијата поднесена од претходно спомнатите пратеници и еве од наша страна предлагаме да биде прва точка на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа, кога ќе го утврдиме дневниот ред, ќе го предложиме, редоследот на точките на дневниот ред.

Збор има потпретседателот Бедредин Ибраими.

(Не се јави потпретседателот).

Збор има г-динот пратеник Стојан Андов, процедурално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, јас не знам од кои причини, меѓутоа се случи некое недоразбирање. Мене г-динот Спасов ми се обрати, дали ние сакаме да потпишеме ваква Декларација. Јас му кажав дека ние ќе потпишеме пратениците од Пратеничката група на Либералната партија. Но, гледам ја поделиле овде, без да ни ја дадат да ја потпишеме. Сакам да истакнам дека ние сме да не сметате како потписници и предлагачи на Декларацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Радомир Карангелески, повелете.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Во има на Пратеничката група, се сложуваме да биде на дневен ред разгледувана оваа Декларација и ќе ја поддржиме исто така.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот пратеник Љубисав Иванов – Ѕинго, повелете.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - Ѕинго:**

И јас исто така сум овластен во името на Пратеничката група на Социјалистичката партија, да ја поддржам оваа Резолуција и да ја потпишам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е, тогаш ќе ве молам, ние мораме и формално да ја завршиме и точката.

Да преминеме на гласање и ве молам да гласаме.

76 пратеници гласа "за", 1 пратеник е "воздржан", 3 пратеници се "против‟.

Констатирам дека Предлогот на пратениците, практично, на сите овие што ја подржаа е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлага дневниот ред да се дополни со Предлог на Одлука за разрешување претседател и членови на Одборот за доделување на Наградата - "11 Октомври".

Предлогот на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом – Крушево‟.

Предлози на Одлуки за именување на Пратеничката група на Собранието на РМ, за соработка со парламентите на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска и на Република Ирска и Предлогот на Одлука за именување на членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Економскиот факултет од Прилеп, при Универзитетот "СВ. Климен Охридски" во Битола.

Предлозите на Одлуките ви се поделени.

Ве молам да гласаме по Предлог Одлуките на Комисијата.

51 пратеник гласаа "за", 13 пратеници се "воздржани", "против" нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за меѓу национални односи, предлага Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, да се одложи од оваа седница, заради потребата од дополнителни консултации во функција на подобрување на решенијата предвидени во него.

Ве молам да гласаме по Предлогот на Комисијата.

Претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека не постојат никакви причини да се прифати овој предлог, да се одложи расправата по Предлог законот за измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидското осигурување, од причина што досега се направија сите консултации, па јавноста е запозната со реформите кои претстојат во пензискиот систем. На најтранспарентен начин запозната е јавноста преку, одржување на јавни промоции, преку средствата за јавно информирање, така што мислам дека одлагањето од неколку дена, нема да придонесе и нема однос напротив, ќе направи одредени проблеми во однос на запазување на роковите, кои се поставени во врска со користење на втората транша од кредитот од Светската банка, кој нормално ќе послужи за поддршка на Платниот биланс на државата.

Поради тоа, предлагам овој предлог да не биде прифатен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го слушаме претставникот на Владата, потпретседателот г-динот Бедредин Ибраими.

Според тоа, ве молам да гласаме по Предлогот на комисијата.

29 пратеници гласаа "за", 42 пратеници гласа "против", 7 пратеници се "воздржани".

Констатирам дека, предлогот не е усвоен.

Владата на РМ, предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со именување заменици на министри во Владата на РМ.

Предлогот Ви е поделен.

Ве молам, да гласаме по Предлогот на Владата.

53 пратеници гласа "за", 8 пратеници гласаа "против", 9 пратеници се "воздржаа".

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Оставка на заменикот на министерот за внатрешни работи, Драги Гроздановски;

2. Оставка на заменикот на министерот за развој, м-р Лилјана Поповска;

3. Именување заменици на министрите во Владата на РМ;

4. Предлог на закон за здравственото осигурување;

5. Предлог на закон за внатрешна пловидба;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Протоколот, кој се однесува на измена и дополнување на Конвенцијата за меѓународното цивилно воздухопловство, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за изедначување на некои правила за меѓународниот превоз по воздушен пат, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Вториот дополнителен протокол, кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за социјално осигурување, меѓу Република Македонија и Швајцарската Конвенција, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на Закон за договорна хипотека;

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;

16. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија, за испитување на јавните набавки;

17. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки;

18. Предлог на Одлука за давање согласност на Тарифата на Државниот завод за ревизија;

19. Предлог на Одлука за надоместок на трошоците за избор на претседател на Република Македонија на организаторите на изборната кампања, кои истакнале кандидати за претседател на РМ;

20. Предлог на Декларација за заштита на правата на членовите на "ОМО Илинден – Пирин";

21. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

22. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кочани;

23. Предлог на Одлука за огласување и именување заменик јавен обвинител на Република Македонија;

24. Предлог на Одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување наградата "11 Октомври";

25. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација – "Здравствен дом – Крушево";

26. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија, за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска;

27. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање Пратеничка група на Собранието на Република Македонија, за соработка со Парламентот на Република Ирска;

28. Предлог на Одлука за именување членови на посебната комисија, за изготвување предлог за именување декан на Економскиот факултет во Прилеп, при Универзитетот "Св. Климент Охридски – Битола".

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлага Предлогот на Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври", да биде разгледан пред другите точки од дневниот ред, поради потребата Одборот навремено да ги преземе потребните активности, за доделувањето на наградата.

Исто така, сега имаме даден предлог, Предлогот на Декларацијата за заштита на правата на членовите на "ОМО Илинден - Пирин", да ја ставиме меѓу првите две точки.

Прва точка да биде таа, а втора точка од дневен ред да ја ставиме оваа Одлука од Комисијата.

Јас мислам дека ќе имаме време денес тие две точки да ги поминеме.

Според тоа, ќе ве молам, најнапред да гласаме дали се согласуваме прва точка после утврдувањето на дневниот ред да ни биде Предлогот на Декларацијата за заштита на правата на членовите на "ОМО Илинден - Пирин", а втора точка да биде Предлогот на Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Ќе ве молам, да гласаме за тоа.

Прво да ги видиме овие точки при редоследот, а после ќе утврдиме.

Ве молам, да гласаме најнапред. (По гласањето).

Ќе ве молам, што е ова, 57 пратеници имаме во Парламентот.

(Некои од пратениците велат "не гласавме").

Добро, господинот Лога, има збор процедурално.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Во име на Пратеничката група на ДПА, предлагам после изборот на замениците министри, да се стави точката која овде ни е дадена како прва точка, а тоа е Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување или во случајот сега, бидејќи Декларацијата ќе биде прва точка, ова да биде петта точка по ред, затоа што овој Предлог на закон е доста интересен и веројатно значаен да биде како петта точка на дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш ќе се изјаснуваме предлог по предлог.

Значи сега имаме три предлози дадени овде и ќе гласаме.

Најнапред, имаме предлог даден во текот на расправата од страна на пратеникот Чедомир Краљевски, да ја ставиме како прва точка од дневен ред, Предлог Декларацијата за заштита на правата на членовите на "ОМО Илинден - Пирин".

Најнапред гласаме за тој предлог да биде прва точка.

Ќе ве молам да гласаме. (По гласањето).

77 пратеници гласаа "за", "воздржани" нема, "против" се тројца.

Констатирам дека овој предлог е усвоен, да биде прва точка.

Понатаму, го ставам на гласање Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Предлогот на одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври", да биде разгледана како втора точка од дневниот ред.

Ќе ве молам да гласаме.

Процедурално има збор господинот Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Со оглед дека во моментов заседава Комисијата за здравство, претседателот на Комисијата ме замоли да го изнесам неговиот став, во врска со точката од дневен ред, Законот за здравствено осигурување, по можност да биде претпоследна точка од дневниот ред денес, па во контекст на тоа, бидејќи Комисијата работи и сега моментално сите членови се на седницата на Комисијата, а информирани сме дека уште половина закон не е усогласен, иако добро работи Комисијата, така што е подобро да се остави како претпоследна точка од дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Латиф Пајковски.

**ЛАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Во врска со нова точка од дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во врска со дневниот ред зборуваме сега.

Дали господинот Мерсел Билали кој се јави за збор, бара збор во врска со редоследот на дневниот ред?

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Не, во врска со дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега говориме за редоследот на точките на дневниот ред, а после ќе отворам расправа по дневниот ред.

Се уште не зборуваме за дневниот ред.

Те молам, имаме уште еден предлог, една точка да се помести подолу.

Значи има некои точки кои сакаат да ги разгледаме порано, а некои точки да одат, поради тоа што комисиите не завршија со работа, подоцна, но да бидат во овој дневен ред.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Процедурално молам, господине претседателе, прво треба да се усвои дневниот ред, па после треба да одлучиме за редоследот на точките на дневниот ред.

Мислам дека со Деловникот така е предвидено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Шаќири, ние веќе утврдивме што прифаќаме на дневен ред, а редоследот сега го утврдуваме и после гласаме во целина.

Пред тоа предлозите од Владата ги прифативме, а после точка по точка ќе видиме каде ќе ги разместиме една по една.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Јас мислам дека уште не е усвоен дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не е усвоен.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Затоа, мислам дека е ред да се усвои дневниот ред, меѓутоа и од страна на пратениците ќе има точки, кои ќе бидат предложени да влезат во дневниот ред и заради тоа мислам дека уште не е усвоен дневниот ред, а по усвојувањето на дневниот ред ние ќе дискутираме за редоследот на точките.

Мислам дека е така според Деловникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не. Ќе ве молам, дајте да тераме, ние почнавме така.

Сега одиме во утврдување на Предлогот на Комисијата за избори и именувања, за Предлогот на одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Ќе ве молам, да гласаме за тој предлог да биде втора точка од дневен ред.

(По гласањето).

46 пратеници гласаа "за".

Ќе ве молам, ова не е коректно, имаме повеќе од 60 пратеници овде, само 55 пратеници гласате.

Дајте ако сакате да работиме, да не го бојкотираме Собранието.

Не е битно сега, прва, втора, трета, петта точка, сите точки ќе бидат на дневен ред.

Ве молам, да бидеме сериозни и уште еднаш да гласаме, ако не, ќе ја прекинам седницата поради недостиг на кворум.

Ќе ве молам да гласаме по предлогот. (По гласањето).

58 пратеници гласа "за", 12 "воздржани" и 2 се "против".

Значи, утврдуваме дека ова ќе ни биде втора точка.

Имаме предлог од пратеникот господинот Алириза Лога, точката која овде на дневниот ред е точка 15, да биде поместена и да биде четврта точка, односно петта точка од дневниот ред. Тоа е точката.

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Има збор господинот Карангелески процедурално.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, барам пауза од 10 минути, да се усогласиме со координаторите по дневниот ред, бидејќи вака нема ништо да се доведе до крај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Околу оваа точка?

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Да, околу оваа точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Предлагам пауза од 10 минути.

(Пауза од 14,00 до 14,50 часот).

Да продолжиме со работа.

Процедурално, за збор се јави господинот Латиф Пајковски.

**ЛАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Јас имам во врска со дневниот ред нова точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, после тоа.

И господинот Мерсел Билали се јави, но не е тука.

Ги имаме следните предлози, по кои ќе треба да се изјасниме.

За втора точка од дневниот ред се предлага, бидејќи во писмена форма го добив и затоа јас претходно предлагам, Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот на одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври", да биде разгледана како втора точка, поради потребата Одборот навремено да ги преземе потребните активности за доделување на наградата.

Ве молам да гласаме по предлогот на Комисијата. (По гласањето).

73 пратеници гласаа "за", 5 пратеници се "воздржани" и против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Сега одиме на предлогот поднесен од господинот пратеник Алириза Лога.

Тој предлага точката 15, да биде поместена напред, да биде точка 6.

Ве молам, по повод таа точка да гласаме. (По гласањето).

56 пратеници се "за", 6 "воздржани" и 19 "против".

Значи тој предлог е усвоен.

Конечно, имаме предлог од пратеникот Радомир Карангелески точката 4, а тоа е Предлогот на Законот за здравствено осигурување, поради тоа што Комисијата се уште работи, да биде точка 15, на место на точката 15.

Ако може да гласаме.

59 пратеници се "за", двајца се "воздржани" и тројца се "против".

Според тоа, точката 4 ќе ја разгледуваме како точка 15 од дневниот ред.

Во врска со предложениот дневен ред отворам расправа.

За збор се јави господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Ние како Собрание расправавме при крајот на септември за некои прашања, односно проблеми кои се однесуваа на материјалната и финансиската состојба на Македонската радио - телевизија и тогаш од господинот претседател на Собранието, добивме ветување дека за Извештајот за работата на Македонската радио – телевизија, ќе расправаме некаде пред нова година.

Меѓутоа, тоа не се случи и на 31-та седница, јас пак го ажурирав предлогот, добив ист одговор, односно дека на следната наредна седница ќе се расправа по Извештајот, што е и законска обврска на директорот на Македонската радио – телевизија, што произлегува од Законот за Јавното претпријатие Македонска радио - телевизија. До денес ова Собрание не расправало за тој Извештај.

Предлагам тој Извештај да се стави на дневен ред, по можност како последна точка, за да имаат можност претставниците на Македонската радио -телевизија да го подготват Извештајот и да се подели на пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да ве информирам, а особено господинот Мерсел Билали, дека јас два пати испратив писмо до директорот на Македонската радио - телевизија, во кое барав да се реализира обврската која и господинот Амди Бајрам ја постави и до сега немам добиено одговор.

Истовремено, сакам да ви кажам дека и Советот за меѓу национални односи е заинтересиран, во рамките на прашањето за застапеноста на националностите воопшто во медиумите, а се разбира тука и во рамките на Македонската радио - телевизија, да разгледува една таква информација.

Според тоа, имаме веќе дупла ургенција, повторна ургенција јас ќе настојувам - денес тешко ќе можеме да расправаме за неа, но ќе побарам до наредната седница да имаме Информација. Ако немаме, тогаш јас ќе ве известам дека не сум добил Информација, па тогаш ќе одлучиме што ќе правиме. Во секој случај, уште еднаш и ставот на Советот за меѓу национални односи ќе го пренесам, да ја разгледаме застапеноста на програмите на националностите на Македонската радио - телевизија, покрај да речеме во печатените медиуми и т.н. Но имате право, требаше да ни ја достават, не ни ја доставија.

Повелете, има збор господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Јас ќе се согласам со сугестијата на господинот претседател, меѓутоа, мораме да внимаваме ако тие, односно претставниците на Македонската радио - телевизија се склони да не го почитуваат законот, односно да го прекршуваат законот, не значи дека тоа истото треба да го направи ова Собрание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во секој случај, еве да го оставиме за наредната седница ова, ако нема, во тој случај да видиме какви мерки ќе преземе ова Собрание во една таква ситуација. Јас не сум убеден дека нема веќе да добиеме таква информација, кога и како претседател на Советот за меѓу национални односи тоа ќе го побарам.

Ако го прифаќате ова...

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави, во врска со дневниот ред, господинот пратеник Латиф Пајковски.

**ЛАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, последниве денови сведоци бевме на многу податоци и информации во средствата за јавно информирање, во врска со процедурата околу продажбата на Скијачкиот центар "Заре Лазаревски" од Маврово. Во тој контекст, јас би сакал да предложам Агенцијата за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал за оваа седница, да подготви информација од која ќе можат да се видат неколку работи. Имено, се работи следново:

Скијачкиот центар е формиран некаде 60-тите години, со тогаш не себично залагање на покојниот Заре Лазаревски и со отстапување на многу недвижни парцели од граѓаните од овој регион, се со една единствена цел да се создадат услови овој неразвиен ридско - планински реон, да може преку можностите што ги нуди туризмот, да почне да се развива. Така, во своето постоење, оваа организација, би рекол од посебен интерес, а особено за Западна Македонија, па и вкупно за Република Македонија, има постигнато многу резултати. Така, во последните десет години може да се зборува како за организација која работи доста успешно и организација која има од сопствени средства позамашни износи вложено, во обезбедување на потребни основни средства за извршување на дејноста за која што е регистрирана.

Иако согласно законите кои што беа во 1996 година за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, оваа организација имаше направено проценка која што проценка е некаде околу 2 милиони марки и истата беше доставена до Агенцијата за приватизација. Така што на таа проценка некаде се реагираше 1999 година и всушност беше побарано од вработените да направат ревалоризација на вредноста и дојдено е некаде до вредност од 1 милион и 250 илјади ДМ. До почетокот на 2000 година организацијата воопшто нема добиено никакво известување од страна на Агенцијата, што со процесот на приватизација на оваа организација.

Меѓутоа, за изненадување на самите вработени тие дознаваат дека Управниот одбор на Агенцијата носи одлука и се определува за моделот на приватизација, определување на стратешки партнер. Иако кажав, се работи за организација која што работи доста позитивно. И со одлука на Управниот одбор за милион и 250 илјади марки се дава на стратешкиот партнер, а понудата која што беше дадена од страна на вработените воопшто не е земена на разгледување. Иако во делот на понудата, кој што се предвидува средства за развој на организацијата, вработените нудат многу поповолни услови. Така што, во тој контекст имам информација дека пред неколку дена и надлежната комисија дала позитивно мислење за овој начин на приватизација на скијачкиот центар. Во текот на вчерашниот ден бевме информирани од повеќе месни заедници од мавровско - реканскиот крај дека се припремаат одредени собири, преку кои што ќе се искаже незадоволство на начинот на приватизацијата, а во контекст на сето тоа и во контекст на правилно информирање на граѓаните, особено од овој регион и на РМ, предлагам Агенцијата да ја припреми оваа информација од која што ќе може да се види всушност за статусот, во кој што се наоѓа оваа организација. Тоа е едно.

Второ, ќе може да се види всушност дали оваа организација располага со недвижен имот, кој што и ден денес е во сопственост на граѓаните, а заради што и граѓаните искажуваат одредено несогласување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љатив Пајковски.

Го молам претставникот на Владата, да каже дали се согласува Владата, да подготви информација.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Да, Владата прифаќа да подготви информација за наредната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За наредната седница Владата прифаќа да подготви информација.

Дали сте задоволни г-дине пратеник?

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Јас прифаќам во секој случај и се надевам дека граѓаните од овој регион ја гледаат оваа седница и тие ќе бидат задоволни и се надевам дека ќе ги пролонгираат веќе утврдените датуми за искажување на одредени незадоволства. Инаку прифаќам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-да пратеници, јас сакам да ве замолам, ако имате пратенички прашања на 5 април е закажана посебна седница за пратенички прашања.

Па гледајте само ако нешто е од пошироко значење во вид на информација, тоа затоа што гледам дека многу пратеници се имаат јавено, евентуално можеби имаат како пратеничко прашање да постават.

А ова е информација и во ред е, ќе се подготви информација.

Има збор г-динот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, јас денеска внимателно го слушав предлогот, кој што вие претседателе до пратениците го предложивте за содржината на работа на денешната седница на Парламентот.

Изненадем сум што во предложениот дневен ред не е ставена информација за движењето на цената на нафтените деривати. Изненадем сум затоа што, на претходната седница по претходно прифатена обврска од Владата дека, за оваа седница ќе припреми таква информација и ќе ја предложи за расправа пред Парламентот, вие се заседовте и тој мој предлог беше прифатен од Владата. Дури кажавте дека не сте спремни да почнете наредна седница на Парламентот, без да се изготви таквата информација, да се достави и да се стави на дневен ред пред пратениците. Јас зборувам за онаа информација, која што јас ја побарав.

Не знам кои се причините, зошто тоа Владата не го направила досега, а бидејќи не го направила досега, предлагам во отсуство на писмена информација, а забележувајќи дека на денешната седница Владата има претставник од своите редови, во име на потпретседателот на Владата. Јас би бил задоволен да се стави таква точка на дневен ред па макар и усмено да се информираме за да можеме да расправаме по таа точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата г-динот потпретседател Бедредин Ибраими да одговори.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Точна е констатацијата дека не е изготвена таа информација.

Информацијата сепак и прашањето е стручно, со оглед дека ресорниот министер за трговија тука не е присутен, информацијата ќе биде изготвена и сигурно на наредна седница пратениците ќе ја имаат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине пратеник дали сте задоволни од одговорот.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас сум задоволен од одговорот и со оглед на ова прифаќање на страна на претставникот на Владата, сметам дека Владата во нормалната комуникација со Парламентот, ќе предложи таа информација да се стави на дневен ред.

Дали таква обврска презема претставникот на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да, таа обврска е преземена.

Инаку да ве информирам дека од пет - шест информации, барањата за информации кои што беа поставени од минатата седница, јас мислам дека во голем дел пратениците веќе ги добија.

Ова е еден од ретките случаи каде што не е добиена, не сакам да ја бранам Владата, најмалку тоа сакам да го кажам, но сакам да кажам дека после тоа укажување голем број на пратеници добија информации, барем според дневниот ред и она што ни беше испратено од страна на Владата.

Но, сигурно дека ние ќе бараме до крај за секоја седница да добиваме информации.

За збор се јави г-динот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Г-дине претседателе, на 2 август под строго доверливо, добивме една информација од Републичкиот јавен обвинител, за по карактеристични пријави во РМ и од 5 до 10 илјади пријави колку што има во Македонија поднесени, издвоени се 20-тина пријави и доставена е овде под строго доверлива една информација.

Таа информација и покрај тоа што беше под строго доверлива, строгоста на доверливоста беше пробиена со тоа што беше објавено во вечерните часови на Радио Скопје, на некои телевизиски станици и т.н. Јас барам Владата да изготви една информација, по кои критериуми оваа информација е направена и прогласени се тие пријави за по карактеристични, дали не е таа информација направена со цел на политичка дискриминација, политичка мотивација и маркетинг, дали е во склад со Уставот, со позитивните законски прописи, дали не се кршат правата и слободата на граѓаните и дали е во склад воопшто со Европските декларации за правата и слободата на граѓаните, бидејќи дневниот ред е по обемен, па се согласувам информацијата да биде меѓу последните точки од дневниот ред и да расправаме за неа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед дека информацијата беше доставена од страна на јавниот обвинител на РМ и со оглед на фактот што одлучи Собранието да ја добие строго доверливо за да стекне одредени ставови и мислења во врска со извештајот на Анкетната комисија, точно е тоа дека таму имаше и имиња кои што воопшто не беа спомнати од страна на Анкетната комисија.

Во една таква ситуација јас мислам дека можеме да побараме дополнително известување од страна на јавниот обвинител, која била смислата и целта на укажувањата и другите имиња, а понатаму да поразговараме дали се исполнети овие услови кои што вие ги спомнувате, кршеше на човековите права и т.н.

Дали можеме со едно такво писмо да побарам дополнителна информација од јавниот обвинител.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Се согласувам. И да го скинеме делот на тајноста.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ќе ја доставам, па ќе одлучиме понатаму како ќе расправаме.

За збор се јави г-динот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Г-дине претседателе, колеги пратеници и почитувани претставници на РМ.

Веројатно моето јавување за збор нема да се разликува од претходниците, но уште еднаш сакам да кажам доколку ние овде се надмудруваме, да кажам и лажеме, зошто дозволуваме бескрајно како пратеници, како Парламент да ја лажеме и македонската јавност.

Во согласност со Деловникот за работа на Парламентот на РМ, се 7 февруари имам доставено писмено барање да се даде до пратениците во писмена форма, да биде на дневен ред информација за актуелната состојба при откупот на тутун од реколтата 1999 година. Ми беше речено дека на првата наредна седница од ова место дека ќе биде доставена. Сега се прашувам до кога ние тоа прашање ќе го пролонгираме, а јас барам само информација, не бара расправа, ако има потреба за расправа како пратеници да се вклучуваме, до кога стручните служби во ресорните министерства на Владата на РМ, кои ги има доста овде не напишат една таква информација, до кога пратеникот, а јас би рекол народот и Парламентот и Владата на РМ нема да функционира.

Јас до ден денес како пратеник, ја немам добиено информацијата за актуелната состојба при откупот на тутун. Не го барам тоа ние овде да расправаме четири дена за политички маркетинг и за сето тоа, туку сакам да бидам информиран како пратеник, бидејќи 50% - 60% од електоратот кој го застапувам заправо се тутуно - производители. Затоа еве уште еднаш апелирам да бидеме крајно одговорни пред овој Парламент, пред граѓаните пред пошироката македонска јавност.

Би сакал уште еднаш да ја добијам таа информација на првата наредна седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам потпретседателот на Владата г-динот Бедредин Ибраими, да ни даде објаснување во врска со тоа.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се прифаќа предлогот. Но, не држи квалификацијата дека само поради тоа што не е доставена една информација, дека не работи Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволни за наредната седница да добиете информација.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас најмалку делев квалификации дали работи или не работи. Јас реков да функционира електоратот пратеник во Парламентот.

Инаку ниту реков, ниту мислев јас да давам оценки дали работи или не работи Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Постојат стенографски белешки, нека се провери дали рековте дека Владата не работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да оставиме, можеби е превид, можеби не е, во секој случај ќе треба да се добие информација за наредната седница.

Има збор г-динот пратеник Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас се приклучувам кон барањето на г-динот Ванчо Чифлиганец Владата да изготви информација за состојбите во тутуно - производството, но барам таа информација да биде разгледувана на овој Парламент, а не само за запознавање на пратениците. Има големи причини таа информација да биде на дневен ред, бидејќи некако се случува со ваков вид на информации судбината да се повторува. Минатата година јас побарав една таква информација да се расправа на Парламентот, но на Владата и требаше време два до три месеци за да го информира Собранието за оваа значајна тема за многу семејства во РМ. За ова мое барање го давам следното образложение. Ваква информација сметам дека ќе побуди внимание кај народот, првенствено затоа што тоа ќе биде една од ретките информации на стопански теми што ги разгледува Парламентот.

Овој Парламент му е должен со една ваква информација на преку 200 илјади тутуно - производители од државата, кои заедно со останатите земјоделци можеби се единствените и последните стопанственици, после катастрофалната ерозија на останатите стопански гранки во РМ. Во информацијата Владата треба да даде одговор што се случува со цената на тутунот, која оваа година во многу производни реони е далеку под гарантираната цена од 111 денари и се движи од 70 до 90 денари, а некаде дури и 40 ден. по кгр.

Владата треба да даде одговор зошто и оваа година не ги исполни предизборните ветувања дека, цената на тутунот ќе биде од 7 до 9 ДМ. Оваа година тутунот се откупува дури и по пониска цена за 20% од минатогодишната реколта. Зошто не се донесува солидна годишна програма за поттикнување на производството на тутун, што е обврска според законот за тутун, а ваква програма нема слушнато ниту еден тутуно - производител. Исто така треба да се даде одговор на тоа дали и како ќе се обештетуваат оние тутуно – производители, на кои оваа година тутунот им се откупува под гарантираната цена од 111 денари, што ја определи Владата. Владата треба да даде одговор на прашањето што ќе се случи со произведениот тутун над планираниот. Доаѓаме до ситуација народот кога нема што друго да работи, се занимава со тутуно - производство, а Владата ги намалува планираните количини испод реално произведените. Како ќе се справи Владата со проблемот кој е настанат во светскиот пазар на тутун, при што пазарот е презаситен со типови на тутун што се произведуваат во Македонија, па со тоа продавањето на македонскиот тутун особено на пазарите во САД, е под голем знак на прашање.

И на крајот сите овие танталови маки на тутуно - производителите оваа година се ослободени барем од некои синдикални организации, кои минатата година ја направија целата ујдурма, а оваа година изгледа уживаат во плодовите што ги стекнаа минатата година.

Затоа пак ние како пратеници имаме обврска да го покренеме прашањето за состојбите во тутуно - производството овде на овој Парламент. Според тоа цврсто стојам на барањата оваа информација да дојде со поддршка и на моите колеги пратеници од СДСМ, а верувам дека ваква информација ќе биде од интерес и на другите пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека потпретседателот се согласи на наредната седница да разгледуваме една таква информација, се разбира надополнета со сугестиите, кои што вие ги дадовте во прашањето.

И во тој дух мислам дека ќе биде и подготвена информацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Одиме понатаму со оваа листа на пратеници, кои сакаат да се произнесат во врска со дневниот ред.

За збор се јави г. пратеник Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Се повлекувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г. пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, при утврдувањето на дневниот ред на 36-тата седница побарав информација од Владата да се стави на дневен ред на оваа седница, во врска со не искористените 141 милион долари договори со Светската банка. Причините зошто не се искористени, за кои области се предвидени тие пари. Денеска, еве таа информација ја немаме.

Заменик министерот за финансии на таа седница прифати оваа информација да се најде денеска на дневен ред, вие како претседател на Собранието рековте дека доколку информациите кои се бараат на дневен ред, а не се ставени, Владата прифатила дека вие ќе го одложите одржувањето на седниците. Ве молам, ако таква обврска преземавте, тогаш тоа и да го спроведеме. Тоа е во врска со таа информација.

Барам таа информација денеска да се стави на дневен ред, бидејќи оваа седница веројатно ќе трае и повеќе денови, инсистирам таа информација да се стави на дневен ред, можеби како последна точка. Тоа е прво.

Второ, барам, со оглед на актуелната состојба со "Алмако – банка", барам за оваа седница дополнување на дневниот ред со информација од Владата во врска со преземените активности за ликвидација на "Алмако – банка" и последиците од тоа врз стопанството и институциите на Владата, кои депонирале средства во оваа банка. Во исто време би сакал во таа информација да бидат содржани и мерките што ќе ги преземе Владата, да се обесштетат тие институции на Владата од една страна.

Второ мерки кои ќе се преземат за одговорноста на раководителите на институциите кои депонирале или вложиле средства како траен влог во банката, како и одговорноста на поедини министри. Тоа е второ прашање, што го поставувам за оваа седница.

Трето прашање, предлагам дополнување на дневниот ред во врска со, односно барам Информација за донесени судски пресуди против државата, а во корист на приватни фирми по решенија од Управата за јавни приходи. Имам информации во жалбена постапка по решение на Управата за јавни приходи, многу претпријатија ја тужеле државата и имаат добиено судски пресуди во нивна корист. Меѓутоа, важно е да се каже дека Управата за јавни приходи не ги почитува судските решенија и врши принудна наплата. На пример, имам информации дека Комерцијална банка во Скопје има принудно наплатено 36 милиони денари и има редовно судски решенија. Потоа, второ решение наплатено од 123 милиони денари. Трето, во Скопски пазар околу 62 милиони денари, Алкалоид околу 60 милиони, Лотарија на Македонија околу 60 милиони и други претпријатија кои јас не ги знам. Овие пари, на пример, уплатени се во Буџетот на Република Македонија и со тоа привидно се прикажува добро исполнување на Буџетот. Но, со добивањето на судските спорови, Буџетот ќе мора да се празни. Меѓутоа, поважно од ова е ликвидноста, ликвидносните проблеми во репродукцијата во стопанството. Комерцијална банка, на пример, има преземено обврски да финансира дел од откупот на тутунот. Истата, поради овие проблеми што ги има со управата за јавни приходи се повлекува од тоа финансирање и ќе се јават сериозни проблеми во откупот на тутунот. Веројатно, од слични проблеми имаат Скопски пазар и другите претпријатија.

Барам Владата да ни достави целосна информација за состојбите во оваа област во 1999 година и првите два месеца од 2000 година и да заземе став по овие прашања. Ако се донесат судски решенија, судски одлуки, дали треба да се почитува од страна на Управата за јавни приходи или не. Тоа е третото прашање.

Четврто, во врска со дополнување на прашањето кој го постави колегата Бузлевски. Барам во врска со "Окта" да се надополни информацијата со следните елементи. Дали е наплатена првата рата од 5 милиони долари, со продажбата на "Окта" и каде се тие средства депонирани.

Второ, дали постојат проекти и затворена финансиска конструкција за модернизација на "Окта" во износ од 40 милиони долари, што е дел од аранжманот.

Трето, со преземањето на "Окта" од новиот газда на 1.07 или 8.07.1999 година "Окта" имаше одредени побарувања од многу фирми во Републиката. Би сакал информацијата да ги опфати колку од тие фирми побарувањата се наплатени и како тие побарувања наплатени се рефлектираат врз вкупната продажба на "Окта". Колкава количина на сурова нафта е преработена во "Окта" во периодот од 1.07 до 29.02 и во истиот период колкава количина на деривати се увезени во Републикава.

Следно прашање е зошто Владата ја одложи примената на техничките стандарди за пет години и сега дозволено е, да речеме, во мазутот содржина на сумпор од 3%, а за тоа посебно треба да се интересира министерот за екологија, а исто така и во делот на оловото во бензините, кое е 4 пати поголемо со стандардите сега кои постојат, бидејќи се одложија другите стандарди 4 пати повисоко од она во Европа. Дали пазарната инспекција прави контрола на квалитетот на нафтените деривати, мислам на факциониот состав. Од тоа зависи и потрошувачката, дали ќе трошиме повеќе 30% или ќе трошиме толку колку треба да се троши.

Би сакал информацијата која ја побара Бузлевски, да биде надополнета со овие елементи. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илија Филиповски.

Го молам претставникот на Владата г. потпретседател Бедредин Ибраими, да се произнесе по последните прашања.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Во врска со првото барање за Информација за не искористеноста на кредити од Светска банка, точно е дека информацијата не е изготвена. Наредната седница ќе биде готова и ќе биде доставена.

Во врска со барањето за "Алмако – банка", мислам дека Собранието може да постапи слично како што беше предлогот на г. пратеник Љубисав Иванов, да се обратите до Народна банка и да ги добиете тие податоци во врска со состојбите во "Алмако – банка".

Во однос на Информација за извршување на судски пресуди од страна на Управата за јавни приходи, односно постапување спротивно на тие судски пресуди, ова го сметаме како пратеничко прашање и за тоа ќе добиете одговор.

По однос на "Окта", прашањето исто така и другите прашања по однос на контролата на пазарната инспекција ги сметаме како пратенички прашања, за кои пратеникот ќе добие писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам г. пратеник дали е задоволен од одговорите на потпретседателот?

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Од информацијата за "Алмако" не сум задоволен од одговорот, мислам дека Владата е должна да даде информација по барање на пратеник, особено кога е во прашање губење на државни пари. Губење на пари од институциите на Владата.

Да ве потсетам, ако г. претседателе, не го имате тоа предвид 6,5 милиони марки се пропаднати пари на Јавното претпријатие за станбен и деловен простор. 4,5 милиони марки се пропаднати на Македонски телекомуникации. 7,300 се средства од Владата. Ве молам, веројатно, за ова Владата овде треба да поднесе информации и извештај дали има услови тие средства да бидат обештетени за овие институции или не.

Инсистирам Владата да достави информација, ако не достави тогаш јас ќе подготвам информација и ќе ја доставам на Парламентот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам потпретседателот на Владата г. Бедредин Ибраими да повели.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Во тој дел од барањето, ќе добиете информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во овој дел ќе добиете информација, мислам во овој дел од барањето во врска со државните пари.

За збор се јави г. пратеник Амди Бајрам.

Прво, за реплика се јави Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ – ЅИНГО:**

Господине претседателе, бидејќи беше спомнато моето име во еден контекст, за што не беше така заклучено, немам јас намера да се обраќам до Републичкиот јавен обвинител. Вие заклучивте, вие да се обратите што овде беше речено, исто како и Иванов да се обрати.

Молам, правилно да се заклучи, јас не се обраќам до институциите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ќе се обратам до него и ќе побарам дополнителна информација.

Ќе ве молам вклучете го г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, јас токму сакам околу оваа информација за Македонската телевизија, за што мислам дека беше договорено и овдека во Парламентот изгласано и кажано, да добиеме програма за националностите.

За да ја добиеме програмата за националности на третата програма токму до Нова Година, а ние до Нова Година немаме ништо добиено. Инсистирам како пратеник, пошто ја застапувам ромската националност и не сме застапено доволно во Македонската телевизија како националност, два пати неделно сме по 30 минути и мислам дека време е таа програма да ни се достави, а отпосле да видиме како ќе биде тоа. Еве, сега, трет месец сме, значи четири месеци касни таа програма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се сложувам со вас и еве така и заклучивме по претходното барање и кога го постави прашањето г. пратеник Мерсел Билали, да ја добиеме на наредната седница, ќе инсистирам на неа, бидејќи ни е поврзана.

Велам, не само со Собранието, туку претходно ќе расправа и Советот за меѓу национални односи по неа.

Збор има г. пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, се наближува зоната на рано градинарските производи и да не ни се случи она што ни се случи минатата година, барам да се подготви информација за очекуваното производство и пласман на рано градинарското производство, со посебен осврт на состојбата во Сојузна Република Југославија околу начинот на пласманот на тие производи во таа држава. Затоа што, навистина, сериозна е загриженоста на земјоделците, бидејќи ембаргото за пласман на тие рано градинарски производи е присутна.

Затоа, ја молам Владата доколку постои можност за оваа седница, да ја изготви информацијата и таа да биде ставена на дневен ред, би бил благодарен. А, доколку не постои таква можност, би замолил да се изготви информација и на првата наредна седница, да го добиеме одговорот.

Истовремено, сакам да поставам и едно прашање. Минатата година во општина Миравци настана штета од невреме и елаборатот со проценка за таа штета беше пуштен во септември до Владата, така што досега се уште нема никаков повратен одговор. Затоа, сакам да знам за судбината на тој елаборат, да добијам информација, бидејќи градоначалникот и претседавачот на советот на општината инсистираат да добијат назад повратен одговор.

Благодарам на вниманието и се надевам дека овие работи ќе ги добиеме во текот или на оваа седница или на првата наредна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Ристо Спанаков за поставеното прашање.

Господинот потпретседател Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се прифаќа информацијата во врска со рано градинарските производи да се достави на наредна седница, а исто така и во врска со предметот за штетите настанати за невреме во подрачјето што го спомна пратеникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе биде подготвена за наредната седница информацијата.

Дали сте задоволни?

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Во врска со информацијата да, ме интересира уште за елаборатот за настанатите штети, бидејќи и за неговата судбина ќе бидеме информирани на наредната седница. Не го слушнав одговорот на заменикот министер.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете информација на наредната седница.

Конечно го имаме последниот пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, јас уште еднаш го покренувам прашањето околу мозаиците, во врска со белешката која што е поделена на нас пратениците, бидејќи сепак сметам дека комисијата, која што се апострофира во оваа белешка и од самата

белешка се гледа дека, не е таа што одлучувала за оваа иконографија во салата.

Затоа, јас ќе ве замолам или да изготвите нова белешка во која што, точно ќе кажете кој одлучува по однос на оваа иконографија и по однос на овие мозаици или пак да отвориме расправа и до крај да се дообјасниме во што се состои инволвираноста на комисијата, освен што одлучила дека треба да постои некаков мозаик во салата, односно некој украс.

Понатаму, се гледа и од самата белешка дека комисијата која што била во функција до изборите 1998 година, апсолутно не е инволвирана во овој избор кој што е направен од страна на друга комисија и друга советодавна група.

Затоа јас ќе ве замолам, да изготвите нова информација, која што ќе се однесува стриктно на овој дел кој што е побаран во информацијата, околу тоа како е дојдено до овие мозаици.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Мевљан Таири, за последното прашање.

Почитувани пратеници, јас покрај белешката за следната седница, ќе ви ја доставам целокупната документација. Тоа е документација за јавниот повик број 8 од 8 мај 1998 година Ликовна обработка на ѕидни површини со мозаик. Целокупната постапка ќе ја добиете со сите решенија, со сите Одлуки, со објавувањата во весници, со се друго, ќе го умножам и ќе ви го дадам на проследување. А, после тоа, можеме доколку некој сака да постави прашање, евентуално и да расправаме. Сега би било бескорисно јас овде да ве убедувам, туку ќе го умножам и овој материјал ќе го добиете секој од вас.

Дали сте задоволни со еден таков одговор. После тоа да водиме расправа.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Само едно надополнување.

Господине претседателе, јас се спротивставувам само на тој дел, кој што се однесува на конкретниот извор.

Мислам дека е многу едноставно прашањето и веднаш можеме да го решиме уште на оваа седница.

Односно, дека оваа комисија, која што постоела до 1998 година, не одлучувала за овие мозаици.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Таири, јас сепак останувам на тоа, вие да ја добиете целата документација, па понатаму да расправаме.

Тогаш ќе видите кој и како одел, а сега што да се објаснуваме и да губиме време околу тоа прашање. Тогаш, ќе ви станат работите многу појасни.

За збор се јави и господинот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе. Јас сакам само процедурално да се вклучам.

Имено, овој материјал за кој вие напомнавте дека ќе биде поделен на пратениците јас ви давам слобода мене да не ми го делите и не мислам дека има потреба тој да биде множен во толку многу примероци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако се согласувате, тогаш ќе го доставам до шефовите на Пратеничките групи, па Пратеничките групи нека го разгледаат, бидејќи материјалот е навистина обемен.

Тогаш, ќе го добиете во Пратеничките групи материјалот.

Дали уште некој бара збор во врска со дневниот ред? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор за изменување и дополнување на дневниот ред, ве молам да гласаме. (По гласањето).

67 пратеници гласаа "за", 6 имаме "воздржани" и 5 "против".

Според тоа, констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Инаку, дневниот ред сега во пречистен текст ќе го добиете, но да не губиме време ќе поминеме на првата точка од дневниот ред.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог на Декларација за заштита на правата на членовите на "0М0 Илинден - Пирин".

Предлогот на Декларацијата ви е поделен.

Отворам општ претрес. Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседател, господа пратеници, во име на група пратеници кои се предлагачи на Декларацијата, како што гледате, тие не се само од мојата Пратеничка група, меѓутоа во име на предлагачите сакам да го изразам задоволството дека сите Пратенички групи уште во расправата по дневниот ред, ја изразија поддршката на оваа Декларација.

По тој повод не мислиме да даваме никакво дополнително образложение, ниту дискусија за мотивите заради кои ја поднесуваме. Изразуваме задоволство дека таа очигледно консензуално ќе биде поддржана во Парламентот и сметаме дека нема потреба од поголема расправа во услови кога, сите Пратенички групи се согласуваат со неа и сметаме дека тоа е најдобриот начин Македонскиот Парламент со консензус да даде одговор на она што се случи во Република Бугарија, во однос на укинуваше на регистрацијата на Партијата "ОМО Илинден - Пирин". На тој начин сметаме дека и Парламентот најдобро ќе ја заврши својата работа, ако и на другите институции во Република Македонија со оваа декларација им го покаже патот како треба да се справуваме со проблемите кои се јавуваат со негирање на некои од основните човекови права во нашето соседство.

Ве повикувам да ја поддржиме Декларацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

Дали некој сака да се вклучи во општиот претрес? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

81 пратеник гласаше "за", 1 пратеник е "воздржан" и 1 пратеник е "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за заштита на правата на членовите на "ОМО Илинден - Пирин".

Преминуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог на Одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето)

60 пратеници гласаа "за", 14 пратеници се "воздржани" и 2 пратеници се "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградат "11 Октомври".

Преминуваме на третата точка од дневниот ред - Оставка на заменикот на министерот за внатрешни работи Драги Гроздановски.

Претседателот на Владата на Република Македонија писмено ме извести дека, заменикот министер за внатрешни работи Драги Гроздановски поднел оставка, кој тој ја прифатил.

Со оглед на тоа, констатирам дека на Драги Гроздановски му престана функцијата заменик на министерот за внатрешни работи.

Преминуваме на четвртата точка од дневниот ред – Оставка на заменик министерот за развој Лилјана Поповска.

Претседателот на Владата на Република Македонија писмено ме извести дека, заменикот на министерот за развој Лилјана Поповска поднела оставка, која тој ја прифатил.

Со оглед на тоа, констатирам дека на Лилјана Поповска и престанува функцијата заменик на министерот за развој.

Преминуваме на петтата точка од дневниот ред _ Именување заменици на министерот во Владата на република македонија.

Предлогот на кандидатите за заменици министри ви е поделен.

Со оглед на тоа што според член 142 став 4 од Законот за органите на управата, замениците ги заменуваат министрите во случај на отсутност или спреченост со сите нивни овластувања и одговорности во раководењето, именувањето на замениците министри по Предлог на претседателот на Владата Собранието ќе го изврши со сходна примена на одредбите на Уставот, што се однесуваат за избор на Владата на Република Македонија, односно со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Гласањето ќе го извршиме по предлогот како целина со јавно гласање, а

тоа значи дека е отворена листата, може секој да ја погледа листата.

Мислам тој систем на јавно гласање.

Отворам претрес. Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, во името на Пратеничката група на СДСМ би сакал да се обратам до Парламентот, со едно најлогично барање дека, кога се избираат заменици предлагачот, во овој случај мандатарот на Владата на Република Македонија, треба да биде присутен, затоа што на крајот на краиштата тој ги предлага замениците министри.

Второ, исто така во име на Пратеничката група на СДСМ би сакал да покренам иницијатива, односно во овој случај конкретно барање, изборот на заменици министри да се врши поединечно и за тоа барам поддршка од членовите на Парламентот да се изјаснуваме поединечно, затоа што тоа право го имаме ако Парламентот така реши.

Второ, како поткрепа на ова, за разлика од Владата која е колективен орган, замениците министри не се колективен орган. Замениците министри се секој поединечно, заменик на членот на Владата кој раководи со орган кој е избран при изборот на Владата, што значи дека листата на заменици не може да претставува колективен орган за кој Собранието одлучува во целина одеднаш.

Напротив, Собранието избира заменици на секој поединечен министер, кој согласно Законот за органите на управата, раководи со орган на управа во Владата.

Врз основа на тоа, ве молам, изјаснувањето за заменици министри да биде поединечно, бидејќи тоа не е колективен орган и во ниеден наш закон не е зацртано дека може да носи одлуки и да се конституира како орган.

Затоа, согласно Уставот и Деловникот мислам дека треба да се изјасниме поединечно за секој одделен заменик министер.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние имаме потпретседател на Владата, кој што исто како и замениците ги има овластувањата во оваа ситуација да прифати или да не прифати во името и на премиерот. Но, добро, тоа е веќе прашање, тоа е за односот на претседателот на Владата, спрема Собранието за неговите тековни обврски.

Побитно е второто прашање и околу тоа прашање треба да се произнесеме со гласање.

Затоа, го ставам предлогот на Пратеничката група на СДСМ, да се гласа поединечно за секој кандидат, на гласање.

Ве молам, да гласаме за предлогот на Пратеничката група на СДСМ, дали сме за тоа да гласаме поединечно за секој заменик министер од листата која нам ни е предложена.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

47 пратеници се изјаснија "за", 12 пратеници се "воздржани" и 31 пратеник е "против".

Според тоа, се прифаќа предлогот поединечно да гласаме за секој министер.

Повелете господине Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници да се изгласа поединечно.

(Неколку пратеници креваат рака).

Да, има 10 пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа ќе одиме со гласање вака поединечно.

Не е битно јавно нека биде гласањето.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господинот Шаќири не кажа дека изразува сомневање во гласањето и бара поединечно гласање, туку тој рече дека бара поединечно гласање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние мнозинството изгласавме да се гласа за секој кандидат поединечно.

Вие барате истото тоа гласање да го повториме тоа сега јавно.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Тој треба да изрази сомневање, но не изразил сомневање во гласањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па добро, со самиот чин што бара.

Ве молам, формулирајте го вашето прашање г. Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

По предлогот на г. Никола Поповски, барам поединечно да се гласа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи изразувате сомневање во гласањето.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Да се сомневам во начинот на изгласувањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И барате поединечно гласање.

Добро, повелете да гласаме, сомневање изразува пратеникот.

Господинот Лазар Китановски бара збор.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ве молам да се држиме до деловникот.

Предлогот беше да се гласа поединечно за секој заменик, а тоа значи може и со помош на техниката која досега сме ја користеле. Право на сомневање има доколку заврши гласањето според вообичаениот начин на гласање. Не може однапред да се сомнева во гласањето на овој Парламент и мислам дека тука се направи една збрка. Доволно ќе биде ние да гласаме според вообичаената практика, а после тоа секој има право да изрази сомневање во поглед на гласањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Хисни Шаќири побара збор.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Не треба да се сваќа поинаку од она што сум го кажал од говорницата.

Мислам дека досегашната практика беше, секој пратеник има право да изразува сомневање во разултатите на гласањето и како таков треба да се прифати. Околу ова прашање не треба да има никаква дилема.

Господинот Китановски, може да не се согласува тоа е негово право.

Сметам дека јас имам право да го побарам тоа и со поддршка од 10 пратеници, можам да го искористам тоа право.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има право господинот Хисни Шаќири.

Ќе ве молам, да пристапиме кон поединечно изјаснување за предлогот на Пратеничката група на СДСМ.

(Секретарот на Собранието на Република Македонија излегува на говорницата и ги прозива пратениците).

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - против
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - за
5. Стојан Андов - воздржан
6. Кирил Андоновски - против
7. Љупчо Анушев - за
8. Амди Бајрам - отсутен
9. Фадил Бајрами - отсутен
10. Димитар Баткоски - против
11. Мерсел Биљали - воздржан
12. Валентина Божиновска - отсутна
13. Јордан Бошков - за
14. Димитар Бузлевски - за
15. Абдулади Вејсели - отсутен
16. Слободан Гарчески - против
17. Васил Гаџовски - воздржан
18. Михајло Георгиевски - воздржан
19. Трајко Гешоски - отсутен
20. Александар Гештаковски - за
21. Данило Глигороски - воздржан
22. Петар Гошев - за
23. Слободан Даневски - воздржан
24. Замир Дика - против
25. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
26. Илија Ѓоргиев - за
27. Фатмир Етеми - против
28. Васил Ефтимов - воздржан
29. Насер Зибери - отсутен
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - за
31. Мирко Иванов - за
32. Илија Илоски - за
33. Делче Ицков - против
34. Никола Јованов - воздржан
35. Весна Јовановска - против
36. Марика Јорданова - против
37. Назми Кадриу - против
38. Радомир Карангелески - воздржан
39. Жарко Караџоски - против
40. Митко Киров - против
41. Лазар Китаноски - за
42. Саво Климовски - за
43. Стојан Ковачески - за
44. Ѓорѓи Котевски - против
45. Чедомир Краљевски - воздржан
46. Илија Лазаров - воздржан

47. Горанчо Лазов - воздржан
48. Алириза Лога - против
49. Билал Љутфии - против
50. Васе Манчев - против
51. Наталија Марковиќ - Димова - за
52. Ѓулистана Марковска - за
53. Диспина Марковска - против
54. Звонко Мирчески - против
55. Драган Митевски - за
56. Илинка Митрева - за
57. Кирил Настески - за
58. Рубенс Наумовски - против
59. Горан Невеновски - против
60. Латиф Пајкоски - воздржан
61. Александар Пандов - воздржан
62. Ванчо Панчев - воздржан
63. Илија Пемов - против
64. Тито Петковски - за
65. Чедо Петров - против
66. Томислав Петровски - против
67. Филип Петровски - за
68. Азис Положани - отсутен
69. Стојан Попов - воздржан
70. Љубомир Поповски - отсутен
71. Никола Поповски - за
72. Илија Прангоски - воздржан
73. Исмет Рамадани - отсутен
74. Љупче Ристески - против
75. Ненад Ристовски - отсутен
76. Нано Ружин - отсутен
77. Илјас Сабриу - воздржан
78. Аце Сајкоски - против
79. Аслан Селмани - воздржан
80. Борче Сибиновски - против
81. Вангел Симев - воздржан
82. Ристо Спанаков - воздржан
83. Крале Спанчевски - против
84. Ѓорѓи Спасов - за
85. Милан Ставрев - за
86. Наќе Стојановски - за
87. Томислав Стојановски - отсутен
88. Воислав Стојаноски - против
89. Благој Стојковски - за
90. Златко Стојменов - воздржан
91. Владо Сугаревски - воздржан
92. Оломан Сулејмани - отсутен
93. Ризван Сулејмани - отсутен
94. Мухамед Таири - против
95. Александар Талевски - воздржан
96. Мевљан Тахири - воздржан
97. Митко Тилевски - против
98. Ѓорѓи Тодоров - за
99. Ристо Тодоров - за
100. Павле Тодоровски - против
101. Панде Томов - против
102. Коце Трајаноски - воздржан
103. Горанчо Трајков - воздржан
104. Танас Трајковски - за
105. Александар Трпевски - против
106. Борислав Трповски - за
107. Слободан Ќосев - воздржан
108. Илија Филиповски - за
109. Александар Флоровски -
110. Илјаз Халими - отсутен
111. Благој Ханџиски - отсутен
112. Сејфедин Харуни - отсутен
113. Кастриот Хаџиреџа - воздржан
114. Бранко Црвенковски - за
115. Миланчо Черкезов - за
116. Ванчо Чифлиганец - за
117. Арбен Џафери - отсутен
118. Хисни Шаќири - против
119. Шахиќ Алија - отсутен
120. Радмила Шеќеринска - за

Дали во меѓу време дојде некој пратеник, кој во моментот на прозивка бил отсутен?

Фадил Бајрами - против.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници еве го резултатот.

Вкупно гласале 98 пратеници, за 34, против 35, воздржани 29.

Според тоа ќе одиме на усвојување на листата во целина, а немаме одлука.

Сакам да ви напоменам дека е потребно 61 пратеник да се изјасни за предложената листа.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Дозволете ми г-дине претседателе во име на Пратеничката група на СДСМ, а согласно член 14 став 2 од Деловникот да побарам ова гласање да биде извршено тајно, гласањето за листата во целост. Гласањето за листата на заменици министри

која што ја изгласавме дека ќе биде во целост, да се изврши тајно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако биде тајно пак мораме да гласаме.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Наведениот текст во Деловникот се однесува на законски проекти. Бидејќи се бира Влада не може да биде гласањето тајно, односно без да сака да го побара некој листингот, од причина што точно треба да се знае кој ја поддржува Владата, кој не. Влада е тоа.

Мислам јас во принцип гласав за поединечно гласање, бидејќи тоа не е колективен орган, се бира заменик. Меѓутоа, точно треба да се знае кој ја поддржува Владата кој не. Деловнички така беше да се гласа поединечно, меѓутоа во овој случај не е дозволено тајно гласање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За деловнички ќе провериме.

Г-ѓицата Радмила Шеќеринска има реплика.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Г-дине претседателе, токму за да помогнам, бидејќи тука го имам Деловникот на Собранието на РМ членот 14 вели: гласањето на седниците на Собранието ќе се изврши тајно, иако по предлог на претседателот на Собранието, или на еден пратеник така се одлучи на седни-цата. И ако сакате можам и целиот член да го прочитам, меѓутоа никаде не стои дека тоа гласање не се однесува на вакви избори, па и на заменици министри во Владата. Така што мислам дека од деловнички аспект нема никаков проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би го прочитал член 34 од нашиот Деловник, каде што вели дека гласањето за избор на Владата е јавно. Но, замениците, понатаму вели дека се бираат исто како што се бира и Владата. Според тоа, ние не можеме подруго да одлучиме, аналогно одлучуваме онака како што е и за Владата.

Според тоа, гласањето ќе биде јавно во онаа смисла во која што листингот ќе биде достапен до секого, во таа смисла.

Според тоа, да поминеме на гласање. Ќе ве молам дајте концентрирајте се, слушате што се зборува овде за да не се прегласуваме.

Според тоа гласаме по предлогот на претседателот на Владата за листата на заменици на министри.

Ве молам да гласаме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Зошто нема расправа за листата?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас отворив расправа и никој не се јави за збор.

Има процедурална забелешка.

Во ред, тогаш значи уште не сме го затвориле претресот по листата.

Ако е така, тогаш дали некој бара збор во врска со претресот по листата на предложени кандидати.

Дали некој бара збор.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Само да образложам зошто ние баравме да се гласа поединечно, можеби некој би гласал за едни, а не за други, затоа што меѓу кандидатите, да дадам само еден пример, има кандидат за заменик министер кој бил осудуван ми се чини две години за кривично дело против РМ.

Тоа е за случајот паравојска и сега доаѓа на една повисока политичка функција каде треба да го брани Уставот на Република Македонија, заменик за внатрешни работи. Имиња не спомнувам. Тоа беше и причината што ние побаравме поединечно гласање, за да можеби некои од овие луѓе навистина се квалитетни и заслужно ќе поминеа, меѓутоа мислам дека не заслужуваат. Веројатно има и некои други забелешки, меѓутоа еве јас една од тие забелешки кои сметав дека се битни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Биљал Љутфии.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Г-дине претседателе, сакав на г-динот Китановски да му кажам дека предложениот заменик министер за кој тој зборува или не го споменува името, а јас го споменувам Рефет Елмази, кој се предлага за заменик министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи. Моментално сега додека не се именува од ова Собрание за заменик министер за внатрешни работи ја врши должноста заменик министер за одбрана. Барем досега нема никаква забелешка од ниедна партија, од ниеден пратеник, па ниту од Пратеничката група на СДСМ, за разлика, патем би рекол колку што сум упатен кои поднеле интерпелација за министерот за одбрана, која ќе биде на дневен ред и за истата ќе се искажам. Нормално дека за тоа имам право. Но, исто така патем сакам да му

кажам на г-динот Китановски дека случајот паравојска чисто бил измислен, чисто бил замка на тогашната гарнитура, производ на Владата на СДСМ и веќе е времето кога ги спомenуваме луѓето што биле жртви на таквата паравоена формација, барем треба сега овие денови, во ова време да се црвенеат малку пред јавноста, па и во овој дом.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Биљал Лутфии за учество во расправата.

Претпоставувам дека има реплика г-динот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Токму тоа што го кажав, г-динот пратеник го потврдува дека, тој навистина бил осуден, меѓутоа не од Владата на СДСМ туку од судскиот систем на Република Македонија, кој е задолжен да го спроведува законот и Уставот на Република Македонија. Тоа ништо не менува што досега тој бил заменик министер за одбрана. Впрочем да потсетам, ако веќе ме провоцирате на некој начин, јас година дена прашувам дали постојат нови формации во Република Македонија, кои се опасни по нејзината безбедност. Досега одговорот беше дека ќе им се одговори на следната седница. И сето ова практично е завршница со вакви предлози во ваква Влада да има луѓе, кои и понатаму по мое мислење, а и судски е докажано дека работат против интересите на Република Македонија. Можеби од аспект на ДПА се големи патриоти, меѓутоа мене ме загрижува на такви високи функции да дојдат луѓе, кои ќе работат против Уставот на Република Македонија и нејзините закони. Повеќе не би се јавувал, мислам дека кажав доволно.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Јас чувствувам морална одговорност да го информирам ова Собрание, па и г-динот Китановски дека кандидатот кој се предлага за заменик министер, кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи, добро го познавам, ми бил колега, апсолутно не сакам да го фалам, но сакам да го потсетам г-динот Китановски малку да ја прелиста програмата на средствата за јавно информирање, односно еве и Македонската телевизија кога баш во времето на така наречената афера, преку средствата за јавно информирање, како се изјаснил тогашниот министер за внатрешни работи г-динот Фрчковски. Ако сака уште понатаму да објаснам, јас ќе го цитирам тогашниот министер за внатрешни работи, а дека таа Влада никого не осудувала, туку органите за правосудство, тие детски приказни би ги прифатиле децата во детска градинка. Барем ние нема да ги прифатиме овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, г-динот Китановски мислам дека нема право на овој начин да постави дилема, околу изборот или составот на замениците на министри на Владата на Република Македонија.

Г-дине Китановски, Вие сигурно знаете дека Васлав Хавел беше прогонет незнам колку децении од поранешниот режим на Чехословачка, денешна Чешка од комунистичкиот режим. А Вие му припаѓате на тој режим и Вие сте тие што го направивте во вашето владеење, да кажам овој монтиран процес и треба да сфатите дека во овој момент, во ова време немате право ниту уставно, ниту законско. Вие сте по професија правник и ќе ви кажам една работа, Васлав Хавел денеска е нај почитуван човек, граѓанин во Чешка и како претседател има големи заслуги за цела Европа. И затоа не треба да се занимавате со вакви работи, кои му припаѓаат на еден поранешен систем.

Мислам дека е ред еднаш за секогаш Република Македонија да се расчисти од вакви работи, кои и направиле многу лошо на оваа држава.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Иако реков дека нема да се јавам, меѓутоа навистина морам да се јавам. Да се споредува Васлав Хавел еден почитуван борец за демократија во Европа, кој не се борел за голема Чехословачка, туку се борел за демократска Чехословачка тогашна, сега Чехија.

За разлика од господата кои собираа оружје, кај Васлав Хавел немаше оружје, немаше експлозиви. Тој се бореше со демократски средства. Овде имаме случаи на борба со употреба на оружје, правење на списоци, формации и идеја за создавање на голема Албанија. За тоа станува збор. Васлав Хавел не се борел за голема Чешка. И немојте со тие ваши флоскули кога немате аргументи, прогласувате други дека се од некој стар режим. Не знам по менталитетот и по начинот на политичката борба кој припаѓа на стариот систем, а кој е за демократија во Република Македонија. Замислете да се случи Македонците да се организираат со оружје, недај боже, како што сега има

случаи кај некои структури, како ќе се толкува тоа, како дел од стариот систем за одбрана на Република Македонија? Зошто се што ќе направите Вие и тоа што потпаѓа под кривични дела е борба за демократија, а ако интервенира државата, тоа се рецидиви од стариот систем. Ние немаме друга држава, треба да го сфатите тоа. Се обраќам до македонските пратеници, затоа што со вас сум возел повеќе пати за жал, изгледа мораме да се двоиме, не знам, повеќе пати сум полемизирал, не можеме да се разбереме. Која црна дупка нас ќе не собере како Македонци, ако продолжат овие игри околу Македонија.

Сега се спрема нова криза, нова поделба на зона на ОВК, која не е распуштена, шеста зона во која припаѓаат делови од Македонија. Затоа беа тие, тоа складиште во Лојане. Лојане спаѓа во шестата зона на ОВК, која наводно е разоружана. И јас последен пат побарав да ми се одговори, ако Вие не сте спремни, СДСМ е спремен да даде одговор што се случува во Република Македонија и дали има формации или нема формации, ако оваа Влада не е способна да даде одговор. Ние ќе ви дадеме и документи ако сакате. Не се од КОС, тоа се од македонски патриоти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави г-динот Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Г-дине претседателе, г-дине Китановски, јас ќе се обратам кон сите пратеници, не сакам да се обратам само на пратениците Албанци, бидејќи тука има пратеници и од другите националности.

Мислам дека е многу лошо човек кога се повикува само на пратениците Македонци. Тоа значи многу. Меѓутоа, ви оставам Вие пратениците од СДСМ да го анализирате овој настап на г-динот Китановски, Вие да го анализирате.

Што се однесува до другото прашање, јас не можам г-динот Китановски да го ослободам од некои работи од тој менталитет што навистина му припаѓа на минатото. Тој вака едуцирано да го изманипулира Парламентот, Собранието на Република Македонија и јавноста на Република Македонија. Јас такво нешто што беше изнесено од оваа говорница и јас сум граѓанин на оваа држава и пратеник на ова Собрание, јас воопшто немам такво сознание. Меѓутоа, во овој момент да се изманипулира со такви тези кои се до крај демагошки и да се доведе во прашање една третина, според него, една третина од граѓаните на Република Македонија дека се такви непријатели на оваа држава, мислам дека не е во ред.

Ја знам дека секогаш на тоа се инсистира и кога беше потребно од поедини пратеници, не од сите тоа беше најјако оружје да се заштити, дури и функцијата и власта. Меѓутоа, во овој момент треба да се расчистиме од такви инсинуации и неточни работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседателе, во интерес на времето да кажам дека никогаш не би ми паднало на памет да зборувам позитивно, затоа што нема потреба за господинот што се предлага за заменик министер за внатрешни работи, кога би знаел дека целта на господинот Китановски токму е овој заменик министер.

Ние сме убедени, не еднаш туку неколку пати овде дека врз целата Влада, значи и врз премиерот и вкупно за целата Влада се фрла дрва и камења. Со други зборови речено на тапет е целата Влада, што јас ја сфаќам опозицијата, нормално е за опозицијата Владата да ја става на тапет, но да се зборува така за поедини личности, лаги и невистини се со цел да се внесе страв кај граѓаните на Република Македонија, тоа е докажано во праксата можат само тие што имаат добра пракса во минатиот систем. Но, барем ние пратениците овде што ги знаеме добро работите, не треба да подлегнеме на таквите дисквалификации и на таквите лаги и невистини и барем ние да не го прифаќаме тој страв, што сака господинот да го наметне во Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, мислам дека непотребно навлегуваме во едно време, кое што успеавме некако да го заборавиме, односно времето кое што се обидуваше со одредени појави, како што е паравојската или "Сината птица", кои што не беа карактеристики само на однесувањето на Албанците, туку и на другиот дел на населението во оваа држава.

Мислам дека, доколку се инсистира на некоја подобност помеѓу Албанците секогаш ќе се најде на таа жешка тема

паравојска, каде што според информациите кои што тогаш проструија, се наоѓаат околу 6000 Албанци во тие списоци и доколку некој инсистира апсолутно да ги издиференцира сите тие 6000 илјади луѓе, кои што се наоѓаат во тие списоци, мислам дека ќе биде многу лоша услуга за демократијата во Република Македонија и се разбира ќе биде една невидена диференцијација по етнички основ, а се разбира и по политички основ.

Јас обрнувам внимание дека, одредени теми непрекинато се обидуваат да ги ставаат во контекст на нештата, кои што и сега се случуваат и би сакал да верувам дека сепак мнозинството пратеници и Македонци ќе се ослободат од едно време кое што минуваше со одредени настани кои што имаа и свои причини и последици.

Да не заборавиме дека, тоа што се случуваше околу паравојската се случуваше делумно и со знаење на врвот на државата и мислам дека одредена вина, ако веќе постои кај некого, постои и поради однесувањето на власта во тоа време.

Второто за што се јавив беше еден невиден излив на патриотизам на господинот Лазар Китановски, повик до сите македонски пратеници за еден заеднички одговор кон нешто што се случува во Република Македонија и протестирам што еден таков повик не е испратен и до пратениците Албанци во Собранието на Република Македонија, затоа што досега не сум слушнал дека некоја политичка партија стои зад таквите појави или ги оправдува таквите појави.

Мислам дека тоа е едно не одговорно однесување, за кое што треба да се огради неговата партија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Најмногу се јавив за збор како реакција на еден стил на дискутирање од оваа говорница на ова Собрание, кој што за мене не е прифатлив.

Имено, во овој десетгодишен период на плурализам дочекав, не верував дека на тоа ниво една партија со дигнитет, како што е СДСМ ќе се сведе на стил на популизам. Популистички изјави да се кажуваат од оваа говорница, значи можам да констатирам дека навистина стилот на однесување, секако борба за власт е, меѓутоа стилот на изнесување од оваа говорница да е популистички за мене е не прифатливо. Горе таму во една земја еден популистички водач сега се наоѓа во Владата. Од овде да се искажуваат ставови дека ако македонската Влада не знае, ние ќе ви кажеме, шеста зона, не знам која зона и т.н.

Во услови на економски тешкотии таа храна, таа идеолошка храна за народот е најлесно прифатлива, меѓутоа треба да сте свесни на кое ниво сте се спуштиле. Ако одите на тоа ниво на популизам, да сеете страв низ народ, шеста зона, се поделило, готово ова она, мислам дека со тоа многу лоша услуга и правите на целата држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Данило Глигоровски.

Навистина би требало да се држиме за предлозите, да не ја шириме премногу расправата.

Имаме конкретни имиња, конкретни личности, личности кои што имаат свое минато и дури личности кои што се веќе во актуелната власт, било како заменици, или на друг начин.

Само толку сакам да укажам, со тоа што немам никакво право да ја сопрам расправата што ќе се развива понатаму.

За збор се јави госпоѓата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Благодарам господине претседателе.

Јас се согласувам со овој ток, со кој што вие предлагате смирување на расправата во Парламентот, меѓутоа морам сепак да ви се спротивставам со следниот аргумент.

Агресивната реторика раѓа или поттикнува агресивна реторика. Едно нормално образложение кое што дојде од пратеник на нашата Пратеничка група беше дочекано на нож и нормално е кога се настапува со примеси, кои што ја покачуваат температурата и бараат одбрана на националното дека се случуваат вакви реплики.

Затоа јас би сакала на еден поинаков начин да го поставам прашањето во интерес на смирување на дискусијата во овој Парламент.

Да претпоставиме дека кандидатот за заменик министер за внатрешни работи, не е осудуван за тоа што е осудуван. Дека е осудуван за кражба, за некои деликти кои што немаат политичка содржина. Како може и во таков случај да се дозволи заменик

министер на едно Министерство, кое што правосходно треба да се занимава со заштита на граѓаните на Република Македонија, токму од такви акти, криминални акти, Министерство кое што треба да се залага за одржување на редот и мирот во државата, да си допушти на тоа место, може ли да се допушти на такво место да биде назначен осудуван, осуден функционер. Тоа е прашањето кое што ние сакаме да го поставиме во овој Парламент.

Да ги ставиме настрана конотациите околу кои што се направи овде дискусија. Да се прашаме само чисто од правна гледна точка дали е возможно, дали е нормално, веднаш после тоа ги имаме политичките импликации, меѓутоа да си го поставиме прашањето дали е возможно на било кое Министерство во Владата на Република Македонија, на второто по ред по ранг политичка позиција да се постави осудуван човек.

Тоа е прашањето кое што сакам да го упатам и до останатите колеги пратеници во овој Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата Митрева за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Никој нема право да му го ускрати правото на поедини пратеник да зборува за тоа како ќе гласа, позитивно или негативно за членовите заменици министри во Владата на Република Македонија. Некои од овие говори можеби се во право, меѓутоа постојано во овој Парламент, па општо и во предизборната кампања, претседателска кампања да се изнесуваат ставови дека част ни лебди опасност од страна на Бугарија, част ни лебди опасноста од страна на Албанија, во последно време опасноста од продажбата на одредени фирми на Грција и т.н., мислам дека е премногу застарена теза и треба во Македонија да се внимава на тој план, што зборуваме и како ги употребуваме зборовите на говорница.

Чинам дека со ваквиот настап на одредени пратеници од СДСМ, кои имаа право девет години да ја бранат Македонија, македонската кауза, македонските национални малцинства, кои ги предадоа уште со Уставот, кога изгласавме овде амандман и господинот поранешен претседател на Република Македонија Киро Глигоров по пиџами стана да го врати назад тој амандман, кој требаше во Уставот да стои дека, се грижиме за малцинствата во соседните земји.

Меѓутоа, тоа е минато и мислам дека не треба да се навраќаме на таквите нешта. Ние одиме во Европа, во Европа сме побезбедни и мислам дека со едни вакви говоранции што ги даваат за лажни зони, за лажни претпоставки, треба да се прекине и да преминеме на гласање на замениците министри.

Нормално со право нека се произнесат ако некој нешто има, зошто ќе гласа така, но не во ваква крајност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Ѓорѓи Котевски за учество во расправата.

За збор се јави господинот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Нас од Пратеничката група на СДСМ ни се чини нормално, кога во една држава за благајник се бара меѓу другото потврда дека не е осудуван за кривични дела, кои што би можел да ги направи од позицијата која што ја добива.

Исто така, кога се именуваат заменици министри во Владата да се води сметка пред се да не направиле кривични дела од областа, во која што навистина би имале одредено влијание од позицијата која што тие ќе ја заземат. Меѓутоа тоа е најмалку важно во целата оваа ситуација.

Мислам дека се кажаа можеби претешки зборови за една ваква дискусија, а ова е време и ова е точка во која што всушност кога се именуваат заменици министри во Владата се говори меѓу другото за критериумите, по кои што се унапредуваат одредени луѓе во нашата држава, независно од нивната етничка припадност. Изгледа ова е време кога со именувањето на одредена важна функција, меѓу другото се говори меѓу другото и за почитувањето на делото и трудот на тие луѓе во претходниот период, односно она што дотогаш го работеле и несомнено именувањето на вака значајна функција, како што е заменик министер за внатрешни работи, претставува еден вид на награда за нивното однесување, односно почитувањето на евентуалните нивни жртви, кои што ги дале во сферата во која што тие се именуваат, на една вака значајна функција.

Значи, имаме ситуација во која што всушност се воведуваат вредносни

критериуми, за кои што мораме да водиме сметка и целиот овој Парламент. Јас сум длабоко убеден дека ние имаме право да ставиме забелешка пред се на вредносните критериуми, врз основа на кои на некој начин се предложени и вакви лица на заменичката листа.

Од таму сметавме дека треба да се гласа поединечно, за да можеме едноставно нашиот однос да го изразиме кон поединечни предлози, кои што се дадени на оваа листа. Од таму доведени сме во ситуација кога ќе се гласа целосно за таа листа, да мораме да ја отфрлиме целокупната листа и да не гласаме за неа.

Меѓутоа, длабоко сме убедени дека и коалициониот ПДПА-НДП и комплетно коалиционите партнери дека, можеле навистина да предложат на листата заменички и други лица, освен овие што се предложени, водејќи сметка вистина дека со именувањето на заменици се одржува една општествена промоција, со која што се промовираат вредностите кои што треба да ги имаат луѓето на вака одговорни функции.

Ете зошто сакав тоа да го објаснам како појаснување, зошто сакавме да ставиме забелешки и зошто сметаме дека навистина треба да водат сметка сите пратеници, независно од нивната етничка припадност, затоа што создаваме критериуми кои што на некој начин ја унапредуваат или ја узурпираат демократијата во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Ѓорѓи Спасов за учество во расправата.

Збор има господинот пратеник Борче Сибиновски.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас навистина ништо не сакам да дообјаснувам, туку имам само едно прашање до целата Пратеничка група на СДСМ, од причини што господинот Китановски навистина на говорницата искажа многу тешки зборови.

Јас лично го повикувам господинот Бранко Црвенковски, како шеф на Пратеничката група на СДСМ и координаторот на Пратеничката група на СДСМ господинот Никола Поповски, јавно да кажат дали го делат мислењето со господинот Китановски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека такво повикување не е коректно.

Секој има право да почувствува кога треба да се јави да зборува.

Вие можете да го повикате господинот Китановски, ако мислите дека треба да си го промени мислењето и т.н., а сега да ги повикувате мислам дека не е во ред.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Почитуван претседателе. Јас се извинувам, меѓутоа мислам дека почитуваниот господин Китановски и припаѓа на Пратеничката група на СДСМ и дали е тоа став на Пратеничката група на СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Колку што јас разбрав господинот Китановски говореше во свое име.

Тој не ја спомна Пратеничката група на СДСМ и не би требало овде да се прозива Пратеничката група на СДСМ.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Се извинувам почитуван господине претседателе. Не само еднаш беше спомената СДСМ од страна на господинот Китановски. Јас само барам од почитуваната господа, дали го имаат истото мислење како нивниот колега, кој излезе на говорницата јавно кажа од името на СДСМ. Ако е негово лично мислење, јас тоа го прифаќам, меѓутоа ако е мислење на целата Пратеничка група, навистина за овие прашања понатаму треба да размислуваме како да работиме и како да делуваме, не само во овој Парламент, туку и надвор од него.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Црвенковски се најде за повикан и сака да одговори. Во ред е.

Има збор господинот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Прво, пратеникот кој што говореше пред малку нема ни авторитет, ни легитимитет, да прозива било кого во оваа сала и да му поставува прашање. Најмалку тоа може да го прави до СДСМ и неговата Пратеничка група, шефот на Парламентарната група или координаторот.

Она што ние имавме да го кажеме како пратеници поодделно или како став на Пратеничката група, го слушнавме. Она што остана не одговорено е, зошто предлагачот на оваа листа, а тоа не може да биде никој друг освен претседателот на Владата во

својство на мандатор, кој како прво не е присутен тука и тој да даде одговор на овие прашања што беа јавно поставени, од кои мотиви, врз основа на кои критериуми, врз основа на кои аргументи предлага вакви личности да ги вршат тие високи одговорни функции, заменици министри.

Господине претседателе можете да се консултирате и со Уставот и со деловникот и да проверите дека, мандаторската функција не се делегира и не може никој во името на Владата, ниту потпретседателот присутен господинот Бедредин Ибраими, да ја земе улогата на предлагач на оваа точка.

Од тука и покрај целата наша конструктивност на почетокот на точката, каде што мислевме да го прескокнеме тоа прашање, ви предлагам во оваа ситуација, стриктно да пријдете на почитување на Уставот и на Деловникот и да ја прекинете расправата додека господинот претседател на Владата, кој што е единствен предлагач на оваа точка не дојде и не присуствува на седницата, бидејќи во негово отсуство ние го немаме предлагачот и точката треба да се симне.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се согласувам со вас.

Ја прекинувам седницата.

Ќе го поканам премиерот да дојде.

(Пауза од 16,40 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,30 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, паузата беше направена за да стапам во контакт со предлагачот на точката, односно за Предлогот за именување заменици на министри во Владата на РМ, премиерот на Владата на РМ, господинот Љубчо Георгиевски.

Јас стапив во контакт со него и поради одредени обврски што ги има, тој ме замоли да ја одложиме оваа точка и во продолжение, значи ќе биде присутен.

Затоа ги молам сите пратеници што се пријавиле да расправаат по оваа точка, тоа се господата Замир Дика, Абдурахман Алити, Наќе Стојановски, Илјаз Сабриу, Кастриот Хаџиреџа и Борче Сибиновски да притиснат, да се симнат од екранот, да причекаат во продолжението на седницата, кога ќе дојде премиерот, тогаш да постават прашање и да водат соодветна расправа.

Според тоа, јас ја одлагам оваа точка и ќе поминеме на наредната точка од дневниот ред.

Минуваме на точката - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Го молам предлагачот, г-динот министер Бедредин Ибраими да даде соодветно образложение, во врска со оваа фаза од донесувањето на законот.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, дозволете ми да направам едно кратко потсетување на Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Со предложените законски одредби се воспоставува повеќе слоен пензиски систем во Република Македонија. Новиот пензиски систем се предлага да биде составен од пензиско - инвалидско осигурување, врз основа на генерациска солидарност и капитално финансирано пензиско осигурување, кој систем ќе им обезбедува материјална и социјална сигурност на граѓаните во Република Македонија.

Во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, ќе бидат опфатени лицата кои прв пат пристапиле во осигурувањето, односно лица кои прв пат ќе се вработат по денот на почетокот на примената на Законот за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Со овој Предлог на закон, покрај задолжително вклучување во новиот пензиски систем, се дава можност и за доброволно вклучување и на постојните осигуреници опфатени во пензиското и инвалидското осигурување. На овој начин се обезбедува новиот систем да биде доставен на многу поширока група на осигуреници.

Пред изготвувањето на Предлогот на законот, односно во периодот помеѓу првата и втората фаза на законот, се одржаа неколку расправа помеѓу Сојузот на синдикатите на Македонија и Стопанската комора на Македонија со цел да се усогласат, односно приближат мислењата, предлозите и ставовите и трите социјални партнери.

Сите мислења, предлози и забелешки се разгледани и при

подготвување на овој Предлог, еден дел од тие предлози и забелешки се прифатени и вградени во текстот на Предлогот на законот.

Во врска со претходно предложената одредба старосната граница да се покачи на 63 години за жени, односно 65 години за мажи, Економско -социјалниот совет имаше предлог за намалување на оваа старосна граница. Согласно Предлогот на Економско - социјалниот совет се изготвија нови проекции, за долгорочното влијание врз пензискиот систем и се обавија дополнителни консултации со Светската банка за намалување на предложената старосна граница. Како резултат на тоа се предлага ново решение, старосната граница за жени да изнесува 62 години, додека за маж 64 години и истовремено да не дојде до поголемо нарушување на долгорочната стабилност на системот.

Во однос на времетраењето на користењето на семејната пензија на децата, за време на нивното школување, со претходното решение се предлагаше семејната пензија да се користи најмногу до 24 години. Во овој Предлог на закон се прошири претходната одредба и се дополни со тоа што за студенти, чие школување, согласно статутот на високо образовната организација трае подолго од 4 години, семејната пензија ќе се користи најмногу до 26 години. Ова решение значи прилагодување на користењето на семејната пензија, кон образовниот систем во Републиката.

Во Предлогот на законот, дополнително се вгради ново решение и тоа по предлозите на Економско - социјалниот совет, особено на барање на Стопанската комора на Македонија, во врска со стекнување право на старосна пензија за осигуреници кои работат на работни места, на кои стажот се смета со зголемено траење. За да се обезбеди целосна заштита на овие осигуреници, се предлага правото на старосна пензија овие осигуреници да го остваруваат со навршување на 40 години за маж, односно 35 години за жена, без оглед на возраста.

Исто така, една важна одредба со која се дополни Предлогот на законот, е гаранцијата што ја дава државата со случај на недостаток на средства во Државниот фонд за пензиско и инвалидско осигурување, тие трошоци тој недостаток на средства да го покрие Буџетот на Републиката, поради што е подготвен и соодветен финансиски план што е веќе поделен на пратениците.

За овие предлози и забелешки што не се опфатени во Предлогот на законот, дадени се причините зошто истите не се опфатени во делот на образложението на соодветните одредби.

Очекувам во една конструктивна расправа, Предлогот на законот да биде донесен од страна на пратениците на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател Бедредин Ибраими за излагањето.

За збор се јави господинот Никола Поповски, процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не само во мое име, туку и во името на уште некои координатори на Пратенички групи во Собранието, би побарал заедно и во нивно име, ако може стенограмот да се подготви за расправата по овој закон. Мислам на стенограмот од излагањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално имате право.

Во тој случај, да се договориме, бидејќи стенограмот и се друго ќе повлече малку време, а и од претседателот на Комисијата за здравство сум известен дека следната точка, тоа е Законот за социјалното осигурување, се уште Комисијата не завршува со работа, во тој случај стенограмот ќе ви биде поделен, а седницата ќе ја продолжиме во среда во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,40 часот).